<u>Образец бр.1</u>

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Игор Димитров<br>Раководител на Сектор за правни и административни работи во Министерството за финансии |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | .03.2012 |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Не |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

**А. Почетна проценка на влијанието на регулативата**

1. **Кои се главните проблеми?**

Започнувањето со практичната примена на законот ја наложи потребата од одредени изменувања и дополнувања на законот кои се однесуваат на постапките пропишани со овој закон, со цел отстранување на одредени законски недоследности и обезбедување на поголема правна сигурност кај приредувачите на игрите на среќа и на забавните игри и кај државните органи задолжени за спроведување на овој закон.

Предложениот текст на Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри содржи и одредби со кои се доразработува приредувањето на електронските игри на среќа и интернет игрите на среќа од страна на трговското друштво за приредување на игри на среќа во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.

Со овој закон се врши и дополнување на одредбите на Законот за игрите на среќа и за забавните игри кои се однесуваат на казнените одредби.

Со останатите одредби од предложениот закон се вршат други измени и дополнувања на законот во насока на правно-техничко подобрување како и олеснување на обврските при приредувањето на игрите на среќа од страна на приредувачите.

**2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Со предложеното изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри ќе се отстранат одредени законски недоследности воочени низ неговото практично применување и со тоа ќе се обезбеди поголема правна сигурност, како кај приредувачите на игрите на среќа и на забавните игри, така и кај државните органи задолжени за спроведување на овој закон. Со предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри се врши усогласување на одредбите на законот кои се однесуваат на електронските игри на среќа со останатите одредби на законот и изменување на одредбите на законот кои се однесуваат на приредувањето на интернет игрите на среќа, со цел создавање на можност за приредување на интернет игрите на среќа од страна на трговското друштво за приредување на игри на среќа во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.

**3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

Предложениот закон е со цел да се обезбеди поголема правна сигурност, како кај приредувачите на игрите на среќа и на забавните игри, така и кај државните органи задолжени за спроведување на овој закон.

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

2. **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

   Не се потребни дополнителни информации.

3. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

   Иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

   Не.

<u>В. Временска рамка</u>

1. **Кога ќе почнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?**

Активностите околу проценката на влијанието на регулативата ќе отпочнат во текот на месец           2012 година.

**Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитичките студии, собирање информации итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?**

Не.

2. **Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат донесени до Генералниот секретаријат?**

На           2012 година.

**<u>Г. Ресурси</u>**

**1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот?**

Проценката на влијанието на регулативата и финализирањето на Предлогот на законот ќе се изврши од страна на вработените во Министерството за финансии.